МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

МЦМС е-Билтен

Март 2010
БРОЈ 103

Втора седница на УО



На 30 март оваа година Управниот одбор на МЦМС на својата 2 седница го утврди деловниот извештај на МЦМС со финансискиот и ревизорскиот извештај. Исто така беше одобрена и програмата Институционален развој на граѓанското општество.

Партиципативни практики во буџетирањето во Албанија

МЦМС и Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) од Гостивар, од 7 до 9 април оваа година организираат студиска посета „Партиципативно буџетирање" во Тирана, Албанија.

Во посетата ќе учествуваат пратеници од Собранието на РМ, од Владата на РМ, министерствата, локалната самоуправа и претставници од граѓански организации.

Учесниците ќе се запознаат со процесот на подготовка на буџетот во Албанија, со локалните буџетски политики и децентрализацијата на Министерството за внатрешни работи, ќе се сретнат со претставници на парламентарните комисии и со претставници на други организации.

Посетата е дел од програмата „Добро управување во Македонија" во која е предвидено јакнење на капацитетите на граѓанските организации и државните институции за транспарентен и партиципативен процес на подготовка на државниот буџет. Таквиот буџет треба да ги одрази општествените приоритети и да ја јакнење свеста и капацитетите на граѓаните за одговорност и партиципација.

И слични и различни



Дел од делегацијата пред полициската станица во Јегуновце

Од 22 до 25 март 2010 година се реализира првата од шесте посети за размена на искуства меѓу Македонија и Северна Ирска. Посетите се дел од проектот МОСТ – граѓанско лидерство преку меѓународен дијалог и пред се поврзани се со искуствата за спроведување на Охридскиот рамковен договор и Северно Ирскиот договор од Велики петок.

„По нашиот конфликт во Северна Ирска се обидувавме да најдеме начин да напредуваме во разговорите како да соработуваме заедно кон заедничка иднина", вели Кетрин Мегваер од Одборот за условно казнување на Северна Ирска. Сфативме дека ги немаме сите одговори, ни требаше целата помош од сите други земји да ги споделиме нашите искуства да ги видиме туѓите искуства како на пример ова на Македонија", додава таа.

Оваа прва делегацијата ја сочинуваа 15 претставници на државните институции (главно поврзани со полицијата и правосудниот систем), на граѓанското општество и академијата (Универзитетот во Даблин). Гостите од С.Ирска има многу интензивен дневен ред, со повеќе од 15 посети и средби на соодветни институции, организации и поранешните кризни региони.

„Во однос на посетите на селата интересна ми беше сличноста на прашањата што ги имаме ние во Северна Ирска со прашањата овде, а тоа е, како да живееме заедно во заедничкиот простор и како да најдеме начин да биде заедницата интегрирана" вели Мегваер. „Ние изградивме ѕидови меѓу нашите заедници што вие ги немате, но вие имате други бариери па го имате истиот ефект", вели таа.

„Една од битните разлики во конфликтот во Македонија и оној во Северна Ирска е неговата должина. Северноирскиот траеше 30 години, а македонскиот 6 месеци. Тоа влијае на односот на заедницата кон полицијата", вели Александар Кржаловски, извршен директор на МЦМС.

„Сметам дека од пресудно значење во интеракцијата на заедницата и институциите во постконфликтиниот период е постоењето доверба," го кажува своето видување Аоган Малкахи од Универзитетскиот колеџ Даблин. „Постојат разлики помеѓу нас и вас и ние се обидуваме да учиме од овие разлики", вели Малкахи.

Македонскиот и моделот на Северна Ирска имаат сличности, но и разлики. „Ја искористивме можноста да продискутираме за моделот на помирување", вели Кржаловски.

Оценка на предлог Законот за здруженија и фондации



Една од расправите на кои граѓанските организации го коментираат текстот на предлог-ЗЗФ

Законот за здруженија и фондации е основниот закон што ја регулира работата на граѓанските организации. МЦМС е посветен на подобрување на правната рамка за граѓанското општество од 1995 година и учествуваше во работната група на Министерството за правда која даде значаен придонес во подготовката на текстот на новиот закон.

МЦМС подготви мислење за предлог-законот. Целта е да се даде оценка на предлог-законот и да се одредат потребите за подобрување.

Севкупната оценка е дека најголем дел од одредбите во предлог законот се многу добри и добри. Со ваквиот текст се очекува да се прошири слободата на здружување, да се подобри одржливоста, да се зголеми транспарентноста, да се придонесе кон доброто управување и да се појаснат дел од одредбите засновани на постојниот Закон.

Предлог-законот покрај исполнувањето на меѓународните регулативи и практики е насочен и кон решавање на секојдневните пречки и проблеми во развојот на граѓанското општество. Предлог-законот како и праксата во скоро сите земји во Европа дозволува организациите да остваруваат приходи, но истите мора да бидат искористени за целите на организацијата утврдени со статутот. Најголема новина е воведувањето на статус на организација од јавен интерес (ОЈИ) кој има за цел да ги препознае организациите кои што работат за потребите на поширокаата заедница и кои ќе имаат одредени олеснувања и поволности добиени од страна на државата.

Најголемиот дел од барањата беа прифатени во амандманската расправа во собраниските тела. Очекуваме овие усогласувања да бидат прифатени и на расправата на пленарната седница на Собранието која што треба да се одржи на почетокот на април.

БЦСДН одржа Втор годишен состанок на Совет

На 31 март, Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) одржа Втор годишен состанок на Совет во Сараево, БиХ. Домаќин на состанокот беше Центарот за промоција на граѓанското општество.

Состанокот собра 11 постоечки и една нова организација Институтот за демократија и медијација од Тирана, Албанија. Собранието го усвои Годишниот деловен и финансиски извештај за 2009 година, Годишниот деловен и финансиски план за 2010, Деловникот за работа на Советот, Принципите за одредување на членарината и селекција на независен ревизор за периодот јануари 2010 – јули 2011 година.

На Советот се информираше и за избраниот нов претседавач на Одборот, Миленко Дерета со мандат до 7 јули 2011 година, На маргините на состанокот, беа дискутирани заеднички билатерални и мултилатерални иницијативи за размена и соработка.

Студиска посета на европските институции за недискриминација

Јакнење на капацитетите на граѓанските организации и државните институции за борба против дискриминацијата е целта на студиската посета што ќе се реализира во периодот 14-17 април 2010 во Брисел.

Во посетата ќе учествуваат неколку претставници на државните институции, и на граѓанските организации членки на Сојузот Македонија без дискриминација (МБД). Учесниците ќе го посетат Телото за еднаквост на Белгија, Европската комисија, Европскиот парламент и граѓански организации кои работат на полето на заштита од дискриминација и промовирање на еднаквост.

Студиската посета е дел од проектот „Нов модел за недискриминација" на МЦМС.

Нова регулатива за недискриминација



Од средбата на Националното координативно тело

МЦМС активно се вклучи во дебатата и подобрувањето на текстот на предлог Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Еве мала хронологија на настаните. Сојузот Македонија без дискриминација, чиј член е МЦМС, подготви текст за Законот за спречување и заштита од дискриминацијата. Текстот претрпе измени и предлогот на Владата, според МЦМС, имаше многу недостатоци. По ова, имаше иницијатива од повеќе граѓански организации за барање до Владата да се повлече текстот. МЦМС во таа фаза на просецот се придружи на барањето.

Повеќето членки на Сојузот МБД сметаа дека приоритет треба и натаму да биде институционалниот пристап и во тие рамки се организираше дебата на Националното координативно тело (НКТ). Заклучоците беа да се искористат сите механизми во Собраниската процедура и со предлози за амандмани да се подобри текстот на Законот, особено во трите приоритетни области: Комисијата, основите/облиците на дискриминација и исклучоците. Сојузот и МЦМС како негов член достави предлози за 33 амандмани. На крајот се утврдија 11 амандмани кои опфаќаат 16 од амандманите на Сојузот.

Предлог Законот за спречување и заштита од дискриминација во почетокот на април ќе се најде пред пратениците.

Граѓаните на Радовиш и Конче избраа во што ќе ги вложат средствата од Форумите



Волјата на граѓаните ќе се реализира

На последната форумска сесија, граѓаните на општините Радовиш и Конче со своето гласање предност му дадоа на проектот „Техничка опрема за одржување на канализациската мрежа". Вкупниот буџет на проектот изнесува 9.851.000 МКД. Од нив 6.000.000 ги обезбеди Швајцарската агенција за развој и соработка, а останатите средства ги обезбедуваат двете општини.

Повеќе од стотина граѓани од двете општини дојдоа на гласачката сесија за да ја демонстрираат својата волја за учество во креирањето на политиките на општините и да го завршат процесот што го започнаа во октомври минатата година.

„Би сакала да им се заблагодарам на донаторите, на МЦМС и на двете општини за можноста што ни ја дадоа на нас како граѓани да придонесеме со нашите дискусии, мислења и предлози и да одлучуваме за што ќе биде употребен овој фонд", рече Лилјана Лазарева, учесничка на форумската сесија. „Се надевам дека ваквата пракса ќе продолжи и во иднина", додаде таа.

Низ седум форумски сесии граѓаните разговараа за проблемите и можните решенија на тие проблеми. Формулираа четири концепти со кои требаше да се решат дел од тие проблеми. Потоа концептите ги преработија во предлог проект и ги доставија на мислење во Програмскиот одбор. Три од проектите се стекнаа со правото да бидат на гласачките листи и за нив гласаа граѓаните.

Со проектот се предвидува набавка на две возила, од кои едно специјално возило со потисно дејство за општина Радовиш и еден трактор со цистерна под висок притисок за општина Конче, набавка на соодветен алат за тековно одржување на опремата и обука на кадар за правилно користење на опремата. Ова ќе придонесе да се намали загадувањето на почвата и подземните води со што би се намалил ризикот од можни заразии и епидемии.

Двајцата градоначалници изразија благодарност до донаторот и организацијата што ги спроведуваше форумите (МЦМС), до граѓаните кои беа дел од овој процес и изјавија дека не само овој, туку и другите проблеми за кои разговараа граѓаните ќе бидат дел од проектите на општините.

„Да продолжите да работите на решавањето на проблемите од областа на водоснабдувањето", им рече Јанка Стојчева на градоначалниците при предавањето на препораките од граѓаните, „за кончено да се затвори проблемот со водоснабдувањето и граѓаните да живеа онака како што заслужуваат, во чиста и здрава околина со остварено право на вода". Препораките ги вклучија сите проблеми за кои граѓаните дискутираа, а не се дел од одобрениот проект.

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
ул. Никола Парапунов бб, 1000 Скопје
тел: +389 2 3065381 | факс: +389 2 3065298 | www.mcms.org.mk | mcms@mcms.org.mk